Menadžment na multimedijalni proekti (Makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 19 | Nivo: Tehnički fakultet, Bitola

Вовед
Мултимедијата претставува (во денешно време) лесна интеграција на текст, аудио, видео, графика, анимација, итн. во компјутерската средина. Таа претставува сплет на мулти-медиумите како текст, слика, звук, видео и анимација – што во заедништво споени го мултиплицираат влијанието на пораката која ја пренесуваат. Денес мултимедијалните презентации имаат статус на омилен медиум за пренесување на идеи, пораки или проекти.
Таа е популарен медиум во бизнис куќите, во академските средини, рекламните кампањи, итн. за пренесување на маркетинг стратегиите, проекци на годишни растови, реклами, учење и безброј намени. Како што знаеме визуелното вреди илјада зборови и ако презентацијата ги содржи сите три компоненти, односно, аудио, видео и текст, тогаш сигурно станува ефективна презентација и интересена за гледачите и исто така придонесува пораката да се пренесе поефикасно и по разбирливо за гледачите.
Визуализациите се суштинскиот дел од секој презентација. Тие можат да додадат интерес и возбудливост во презентацијата и што е од поголема важност, тие се основен инструмент за публиката да ја запамти порака.
Презентацијата треба да биде ефективна, што значи дека таа треба да биде жива, компетентна, со приказна и практична.
Дизајнот и развојот на мултимедијата е сложен и тежок процес. Производството на мултимедијални проекти, со врвен квалитет, во разумна цена и на време, се постигнува со размислување за работите во креирањето пред време на самиот процес. Тука секако е и фактот што врвната мултимедија претставува цел и достигнување како резултат од работата на брилијантни екипи од креативни луѓе. Не дека многу се разликува од кој било друг вид на производ, но во глобала мултимедијалниот проект, претставува one-of-a-kind производ.
А здравиот мултимедијален процес на производство е прилагоден на видот и степенот на индивидуалност на проектот, но некои концепти се применуваат без оглед на она што се во развој.
Основни концепти:
иницирање на проектот
планирање или дизајн на проектот
извршување на проектот или продукциона фаза
мониторинг на проектот и системи на контрола
завршна фаза на проектот
1.Проектен менаџмент
„Проект – задача или шема за која е потребно голема количина време, напор и планирање да се заврши – Microsoft Encarta“.
Проектниот менаџмент ги опфаќа сите организациски способности и техники, кои се усмерени кон остварување на некој проект.
Средствата и структурите за менаџмент на проектите се секако различни. Нивниот избор зависи од подрачјето, видот, големината и комплексноста на поединиот проект. Проектот може да опфаќа една или неколку илјади особни. Од тоа произлегува да структурата на проектниот менаџмент може да истоветува со едноставноста на листа на задачи, но и со комплексноста на организација на компанија чија намена е изведување на проектот со подршка на проектен програм.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com